

Неговиот талент за глума е неоспорив, го сака театарот повеќе од се, пишува љубовни текстови, го слуша Балашевиќ, излегува во Pub Blue... Зборуваме за Диме Боцев, или ако повеќе сакате слугата Спиро од последното театарско остварување на актерската екипа на Диме Коцевски, комедијата „Газда Страшо“, млад човек со голем театарски стаж, кој случајно или не живее на Ќиро Крстев во Кавадарци... Во еден исклучително интересен разговор, Диме ни открива многу детали за претставата „Газда Страшо“, за неговите театарски почетоци, разговорите со дедо му Васо Ангелов и уште многу, многу занимливи работи кои ќе ги прочитате во ова интервју.

www.kavadar4e.com: Диме, ќе започнеме со она што во моментот е актуелно, она за што сите зборуваат, коментираат, а богами и имитираат, претставата „Газда Страшо“ во која го глумиш еден од носечките ликови. Најпрво, како ти гледаш на целиот тој проект?

Диме Боцев: Искрено да ви кажам, ваквите проекти од областа на културата, оддел театарски претстави одесекогаш ми бил омилен, така да моментално се чуствувам презадоволен што со нашата екипа на чело со Диме Коцевски, направивме уште едно убаво дело за кое се коментира насекаден низ градот и оставило убав впечаток.

www.kavadar4e.com: А убав впечаток остава и твојот лик, кој е еден од најомилените на сите оние кои ја погледнаа претставата. Но, за да се случи сето тоа што публиката го гледа како финален производ, мора длабоко да се простутира својот лик, па кажи ни како слугата Спиро ја доби својата „душа“?

Диме Боцев: Кога официјално се знаеше кој која улога ќе ја игра, принципот на работа на нашиот тим е секој да си размисли околу својата улога и да и даде и внесе своја имагинација. После секоја читачка проба кога се враќав од театарот дома размислував за улогата и можните комбинации со неа. Не знам колку ова звучи реално, некои можеби ќе речат дека сум се „исфилмал“ (како мајка ми на пример), меѓутоа правев комбинации околу Спиро. Прв предлог што се дади на самата проба беше Спиро да биде флегматичен лик и се остана на тоа. Овоа со флегматичноста ми звучеше како добра основа за градење на самиот лик. И како што напоменав секоја вечер после читачките проби кога нашата екипа ќе завршеше со обврските околу пробата, правев милиони комбинации како би бил Спиро интересен. Прво беше откривањето на одот, кога пред огледало еднаш одев подгрбавен и ми се допадна тоа, па одлучив тоа да биде се околу движењето. Околу гласот инспирација добив од еден мој драг сосед, чие зборување е така еден вид slow motion, и заокружувањето на ликот беше со гардеробата и пропратните реквизити, перика и мустаќи. Така Спирко си доби свој дух и свој стил во сета оваа наша организација, што со право ми дава да кажам дека сум проценил дека добро би им се допаднало на публиката.

www.kavadar4e.com: Но Спиро е повеќе од подгрбавен флегматичен мрзливец. Во Спиро се крие паметен човек, кој добро расудува, за разлика од неговата жена, која е тотално спротивна од него.

Диме Боцев: Види ако мене ме прашаш, Спиро и не е така наивен како што и самиот се прави. Постојано смислува некои работи и знае да се провлече онаму каде што треба, но знае и да глуми преморен пред самиот газда. Додека се другите во куќата освен газда Страшо, Спиро е послободен и може да одмори кога сака, меѓутоа знаејќи дека Страшо има воведено режим во својот дом, Спирко вешто гледа да се продутне онаму каде што е најтесно, и во голем дел тоа му успева и е баш слатко во очите на публиката.

www.kavadar4e.com: Она што мене ми е многу интересно, а го забележав и во претходните две претстави кои ги работевте со Коцевски, е дека колку и да ни се секојдневие и дел од нашиот дијалект, пцофките секогаш предизвикуваат гласно смеење. Така е и овој пат кога Спиро и се обраќа на жена си Наца. Имаш ли некое свое објаснување за оваа појава?

Диме Боцев: Некако ни стана како традиција тоа да секоја наша претстава ја правиме во наш стил. Нашиот стил се оформи со првата наша театарска претстава „Иц'то и Јул'то". Во неа имаше доста пцовки, интересни фрази од секојдневјето во Кавадарци, и сето тоа створи некој позитивен ефект кај самата публика. Таму го добивме првото искуство до некаден како треба кога се прави преработка на некое дело во наш стил за да биде, мора да содржи некои фрази, пцовки и да е задолжително на кавадаречки дијалект. Искрено да ви кажам мислам дека ја имаме до некаден опипано климата со таквите фрази, и со секоја нова комедија сме се поблиску до публиката... доказ е последното во газда Страшо.

www.kavadar4e.com: Принципот на мали промени во она што се покажало како успешно го применувате и во тимот. Иако од првиот заеднички проект со Коцевски до сега се сменија неколку личности, сепак јадрото останува исто. Колку тоа е влијае врз создавањето на една успешна претстава?

Диме Боцев: Добро кажа ти јадрото во оваа наша екипа го сочинуваат неколку константи ликови, кои верувам би откажале се на светот за да се подготувава нешто ново. Така да јадрото си стое од тие неколку ликови, меѓутоа промените со нови ликови се врз основа на претходни познанства од некои други театарски претстави, луѓе кои имаат желба, повозрасни кои си бараат некоја занимација, и така сето тоа добива една компактност.

www.kavadar4e.com: Ме интересира, како се најдоа сите тие ликови, за да го направат тоа јадро кое еве веќе неколку години ни подготвува интересни претстави?

Диме Боцев: Целата оваа приказна на некој начин ја почнав јас. Како средношколец секоја година по повод патрониот празник на гимназијата глумев, и при секоја наша изведба во театарот меѓу поканетите беше Диме Коцевски. Еден ден се сретнав со него и му реков дека сакам да направиме некое проектче заедно, и желба ми е поради тоа што до тогаш немав глумено со него, да одглумиме нешто заедно. Коцевски се сложи и еден ден остваривме средба во тогашно „Garden Cafe" до Хотел Балкан што беше кафетеријата и се почна на остварување на идеата. Коцевски имаше некои предлози,

идеи, нешто јас и така како во некој филм почнавме полека полека да го собираме тимот. Кој од некоја невладина организација, кој во дворот со дедо му игра шах, кој разбравме дека имал желба, и така целата оваа приказна започна. Со текот на времето, сето тоа се покажа како доста добра идеја и што е поважно таа идеја беше одлично реализирана. Тогаш ја почнавме првата наша реализација со текстот на Коцевски „Иц'то и Јул'то" која верувале или не ќе кажам дека се даде околу 20 пати. Со текот на времето почнавме да правиме и други такви проекти т.е. театарски претстави во наш стил, луѓето со кои работевме се селектираа, меѓутоа голем дел да кажам 70% се сеуште со нас. Некои заминаа на студии, некои имаа други обврски меѓутоа голем дел останаа, и сето тоа доведе да уиграноста на тимот биде навистина фина и пријатна, а од сето тоа да произлезе еден убав тим и интересни комедии.

www.kavadar4e.com: Да се насмее човек во ова тешко време навистина е голем предизвик, а вие тоа го правите беспрекорно со вашите комедии, но сериозните текстови се вистински предизвик за секој актер. Се чуствуваш ли подготвен за да понесеш комплексен лик, кој има поинаква мисија од тоа да ја насмее публиката?

Диме Боцев: Многу сакам да одглумам во некоја театарска претстава со поинаков жанр од комедијата. Не знам искрено да ви кажам каков би бил исходот од мојата глума во некоја сериозна театарска претстава, но во едно сум сигурен дека би го дал максимумот. Се надевам ако и се даде шанса на оваа екипа со оваков состав, да може да има еден континуитет во работата, дека ќе има простор и време да се подготват и такви театарски претстави.

www.kavadar4e.com: Ако се случи овој тим да подготви посериозен текст, каква реакција би очекувал од публиката, која е навикната од вас да очекува урнебесни комедии кои ќе ги насмеат до солзи.

Диме Боцев: Имам едно мислење околу ова твое прашање. Прво и основно е тоа што немаме навика за оваков тип на културни настани. Навиката е изгубена со текот на времето, така да сето тоа изгубено време треба да се надомести. А за да се надоместо

исто треба време. Пак ќе кажам, прво и основно е континуитет во работата, одкога ќе се стекне тоа тогаш без проблем може да и се презентира на публиката секаков жанр на театарски претстави. За почеток според мене е одлично да се почне со комедија, а со тек на време да се вметнат и другите жанрови.

www.kavadar4e.com: Да бидеме реални, ентузијастичките проекти кои ги правите променија дел од работите, но не можат да ја надоместат целата таа празнина, особено не со една претстава годишно. Би се сложил ли со мене дека формирањето на професионален театар е можеби единствениот начин да се поместат работите кон подобро, особено сега кога се препознаваат ликовите кои заедно со Малинков, Гочевска и Коцевски може да ја понесат тежината на предизвикот наречен професионален театар?

Диме Боцев: Апсолутно се сложувам со тоа. Формирањето на професионален театар е според мене клучната алка во стартот на сето ова. Меѓутоа и да не се оде на таа варијанта, мислам дека вреде да се даде шанса за еден СТАРТ и со оваков аматерски тим како нашиот, но предводен од еден искусен глумец како што е мојот пријател Коцевски Диме. А секако дека уште подобро би било кога имаш повеќе искусни во тимот, како и да е ние сме спремни за се што е поврзано со театар во Кавадарци.

www.kavadar4e.com: Талент за глума кој го поседуваш не е нималку случаен, бидејќи гените завршиле добра работа, или како што знаеме да кажеме крвта не е вода. Твој дедо е Васо Ангелов, еден од доајените на кавадаречката глума. Колку е значајно да се има таков човек покрај себе?

Диме Боцев: Мое правило е после секоја премиера, следното утро да биде резервирано за посета на мојот дедо, и слушање на стручни совети, критики, пофалби и разговори околу мојата изведба. Дедо ми има некој стил да и колку и да си добар ти најде некоја забелешка, а тоа стваraше мала нервоза кај мене од една страна, а од друга страна предизвик за да одиграш следниот пат подобро. Добро е да имаш човек твој човек, кој што ќе ти даде искрено, но и стручно мислење, и сум му благодарен за тоа. Желба имав

од дете да играм со него, и ми се оствари во „Госпоѓа Министерка“, каде имавме една мала дуел игра.

www.kavadar4e.com: Да го оставиме малку театарот, и да позборуваме малку за ликот кој секојдневно го играш. Што прави Диме Боцев кога не е во театар?

Диме Боцев: Диме Боцев е дипломиран менаџер по царина и шпедиција, невработен, меѓутоа ако некогаш се укаже шанса за работа во театар и во царина, мислам дека би избрал во театар, а дипломата би му ја подарил на некој друг, и тоа комплет со се опаковка. Спортувам 2-3 пати во неделата, играм Counter Strike 1.6, одам најчесто во Pub Blue бидејќи таму ми е најтопло. Во последно време верувале или не почнав да пишувам некои кратки раскази и текстови. 2 до 3 пати во неделата имам повик од сопругата на дедо ми Васо, баба ми Добринка Ангелова со која постојано преместуваме некои кактуси, фикуси, црепови, кревети, тепсисони...

www.kavadar4e.com: Рече дека почна да пишуваш. Може да ни откриеш на кои теми пишуваш?

Диме Боцев: Пишувам на разни теми. Еднаш уште како бруцош почнав да пишувам еден подолг текст на кој му дадов наслов „Деновите на улицата Ќиро Крстев кои веќе ги нема“. Најчесто пишувам љубовни текстови, текстови што се инспирација од секојдневниот живот. Пробувам понекогаш да пишувам некои слични текстови како Балашевиќ, не сум ни приближно до него, меѓутоа за моја душа.

www.kavadar4e.com: Кога го спомна Балашевиќ, претпоставувам дека неговите песни се дел од твојата музичка плеј листа. Што друго има на неа?

Диме Боцев: Sting, Scorpions, Eric Clapton, Blackmores Night, ама Балашевиќ ми е No.1.

www.kavadar4e.com: Пишуваш љубовни текстови, слушаш љубовни балади... Има ли место во овој свет со искривени вредности за правата љубов?

Диме Боцев: Една моја добра другарка секогаш викаше, заеби искривени вредности, материјални средства, чиј си, што си, се е во моментот на пронаоѓањето на сродна душа...

www.kavadar4e.com: Ќе се вратиме повторно на вашиот актуелен проект, претставата „Газда Страшо“? Какви се твоите очекувања во однос на репризирање на претставата?

Диме Боцев: Мислам дека добро ќе се испромовира претставата, сметам дека е доста квалитетна, од добар автор, но како што кажав најважно од се е да се има добра реклама...

www.kavadar4e.com: Има ли најави за гостување во други градови?

Диме Боцев: Да, има најави за гостувања во Свети Николе, Гевгелија, Радовиш, Велес... и мислам дека е добро една ваква квалитетна комедија преработена на кавадаречки дијалект да се испромовира надвор од градот.

www.kavadar4e.com: Нешто сосема за крај на ова интервју?

Диме Боцев: Би кажал само една работа, т.е. една реченица која ја слушнав пред неколку години во песната на Sting, а тоа е „Be U R self no matter what they say“